# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА ОД ЈАНУАРИ ДО ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

Почитувани,

НУ Драмски театар Скопје во периодот од 01 јануари до 31 декември 2023 година ја реализираше следната програма:

1. **Број на премиери и нивни репризи реализирани со средства доделени од Министерството, со сопствено учество**

   Во периодот од 01 јануари до 31 декември 2023 година НУ Драмски театар – Скопје ги реализира премиерите:

   - Премиерата на претставата **„Кафез кај кокони“** на авторот **Жан Пуаре** во режија на **Димче Николовски** е реализирана на 13 мај 2023 година. Претставата се игра на големата сцена со максимален капацитет од 333 места во гледалиштето. На матичната сцена на Драмски театар претставата се одигра 7 пати пред 1759 гледачи.
   - Премиерата на претставата **„Фирма“** според Push up 1-3 од **Роналд Шимелфенинг** во режија на **Нела Витошевиќ** е реализирана на 3 октомври 2023 година. Претставата се игра на сцена во формат во кој и публиката е на сцена. Максимален број на гледачи при една изведба е 80 посетители. На матичната сцена на Драмски театар претставата се одигра 9 пати со 715 гледачи.
   - Премиерата на претставата **„Пикник на фронтот“**, автор **Фернандо Арабал** во режија на **Андреј Цветановски** е реализирана на 28 ноември 2023 година. Претставата се игра на големата сцена со максимален капацитет од 333 места во гледалиштето. На матичната сцена на Драмски театар претставата се одигра 3 пати со 420 гледачи.
   - Премиерата на претставата **„Падот на Масада“**, автор **Венко Андоновски** во режија на **Дејан Пројковски** е реализирана на 28 декември 2023 година. Претставата се игра на сцена со форматот во кој публика од максимално 75 гледачи е на сцена. Претставата се одигра 2 пати со 166 гледачи.

2. **Освен премиерите на сцената на НУ Драмски театар беа изведени и претставите од редовниот репертоар:**

   - **„Диши“**, автор **Данкан Мекмилан**, режија **Димче Николовски**. Премиерата на претставата била на 29. 12. 2020 година. Претставата се игра на сцена во формат во кој и публиката е на сцена и максимален број на гледачи при една изведба е 40 посетители. Во 2023 година беше изведена осумпати и ја посетиле 487 гледачи
   - **„Чудесна терапија“**, автор **Даниел Глатауер** во режија на **Димче Николовски**, Премиерата е изведена на 14.09.2019 година. Се игра на мала сцена со капацитет од 75 седишта. Во 2023 година претставата беше изведена осумпати со посетеност од 928 гледачи

- **„Чудна случка со кучето во ноќта"**, автор **Сајмон Стивенс**, режија **Зоја Бузалковска.** Премиера на претставата била на 29.12.2021 година. Се изведува на голема сцена со капацитет од 333 гледачи. Во 2023 година претставата имала десет изведби и 2281 гледачи
- **„Птица со главата меѓу нозе"**, Автор и режија Коле Ангеловски. Премиера на претставата била на 10.11.2021 година. Се изведува на голема сцена со капацитет од 333 гледачи. Во 2023 година е изведена трипати со 690 гледачи
- **„Партија реми"**, автор Доналд Ли Кобурн, режија Виолета Џолева. Премиера на 20.04.2018 година. Претставата се игра на мала сцена со капацитет од 75 гледачи. Во 2023 година била изведена двапати пред 119 гледачи
- **„Странци"**, автор Паоло Геновезе, режија Нела Витошевиќ. Премиера 12.05.2018 година. Се изведува на голема сцена со капацитет од 333 гледачи. Во 2023 година имала единаесет изведби пред вкупно 3040 гледачи
- **„Мојот маж"**, автор Румена Бужаровска и авторски монолози. Режија Нела Витошевиќ. Се изведува на голема сцена со капацитет од 333 гледачи. Во 2023 година претставата имала седум изведби со 1937 гледачи
- **„Кармен"**, автор Мигел Делибес, режија Дејан Пројковски. Премиера 21.05.2021 година. Се игра на мала сцена со капацитет од 75 гледачи. Претставата била изведена петпати пред 365 гледачи
- **„Вернисаж"**, автор **Вацлав Хавел,** режија **Теа Беговска.** Премиера 15.06.2022 година. Претставата се игра на мала сцена со капацитет од 75 гледачи. Во 2023 година беше изведена осумпати и ја посетиле 416 гледачи
- **„Така зборуваше Гертруда"**, автор **Миа Николовска,** режија **Ангелчо Илиевски .** Премиера 30.06.2022 година. Се изведува на голема сцена со капацитет од 333 гледачи. Претставата беше изведена трипати и ја посетиле 269 гледачи
- **„My name is Горан Стефановски"**, според драмите на **Горан Стефановски,** режија **Бранислав Миќуновиќ.** Претставата премиерно е изведена 31.03.2022 година.Се изведува на голема сцена со капацитет од 333 гледачи. Претставата беше изведена седумпати и ја посетиле 1313 гледачи
- **„Кафез кај кокони".** Претставата во 2023 година беше изведена осумпати со 1783 гледачи
- **„Емигранти"** беше изведена седумпати со 443 гледачи
- **„Фирма"** беше изведена деветпати со 715 гледачи
- **„Пикник на фронтот"** беше изведена трипати со 420 гледачи
- **„Падот на Масада"** беше изведена двапати со 166 гледачи
- **„За нас почнува живот"**е одиграна единаесет пати пред 1827 гледачи

3. **Во 2023 година во периодот од месец јануари заклучно со месец декември, НУ Драмски театар – Скопје учествуваше на следните домашни театарски фестивали:**

- **Фестивал „5-ре" – Велес,** реализирано гостување со претставата **„Кафез кај кокони"** на 15 мај 2023 година пред 300 гледачи
- **МТФ „Војдан Чернодрински" – Прилеп,** Драмски театар учествуваше со претставата **„ Чудна случка со кучето во ноќта "** на 12 јуни пред 600 гледачи
- Фестивал **„Денови на комедија"- Куманово,** Драмски театар учествуваше со претставата **„Кафез кај кокони"** 10 октомври 2023 година пред 600 гледачи

4. **Во 2023 година во периодот од месец јануари заклучно со месец декември 2023 година, НУ Драмски театар Скопје учествуваше на следните меѓународни фестивали:**

**- Фестивал Рута – Љубљана, Словенија,** гостување на 1 февруари со претставата **„Чудна случка со кучето во нокта"** и ја проследиле 300 гледачи
**- Фестивал Рута – Подгорица, Црна Гора,** гостување на 20 април со претставата **„Мојот маж"** проследена од 300 гледачи
**- Фестивал Рута – Сараево, Босна и Херцеговина,** на 20 мај гостување со претставата
- **„Чудесна терапија"** проследена од 250 гледачи
- Драмски театар учествуваше со претставата **„Диши"** на 26 мај на **Интернационалниот театарски фестивал Приштина 2023** пред 100 гледачи
- **Фестивал Рута – Бриони, Хрватска,** на 30 август гостување со претставата **„Мојот маж"** проследена од 200 гледачи
- **Фестивал Рута – Скопје,** премиера на претставата **„Фирма"** беше изведена пред 90 гледачи
- Драмски театар учествуваше со претставата **„Вернисаж"** на 25 октомври на **Интернационалниот театарски фестивал Тетово 2023** пред 100 гледачи
**- Фестивал Рута – Белград, Србија,** на 2 декември гостување со претставата **„Мојот маж"** проследена од 300 гледачи

5. **Број на одиграни претстави на матичната сцена и публика во 2023 година:**

- Во месец јануари се изведени 6 претстави со посетеност од вкупно 797 гледачи
- Во месец февруари се изведоа 15 претстави кои ги посетија вкупно 2406 гледачи
- Во месец март се изведоа 21 претстави кои ги посетија вкупно 2947 гледачи
- Во месец април се изведоа 17 претстави со посета од вкупно 2566 гледачи
- Во месец мај се изведоа 14 претстави со вкупно 2319 гледачи
- Во месец јуни се изведоа 3 претстави со посетеност од вкупно 578 гледачи
- Во месец август е изведена една претстава со посетеност од вкупно 200 гледачи
- Во месец октомври се изведоа 13 претстави со посетеност од вкупно 1674 гледачи
- Во месец ноември се изведоа 10 претстави со посетеност од вкупно 1547 гледачи
- Во месец декември се изведоа 12 претстави со посетеност од вкупно 1171 гледачи

6. **Број на гостувања и претстави на други ансамбли на сцената на Драмски театар и број на гледачи**

- Претстава **„Ој животе"** на автор **Јосип Пејаковиќ**, актер и режија **Џек Димиќ** од САД одиграна на голема сцена на 05 мај 2023 година пред 189 гледачи
- Претстава **„Иконија, пардон матмазел Ика"**, Центар за култура „Иљо Антески Смок" од Тетово, автор **Јован Дамјановски**, режија **Игор Бачовски** одиграна на мала сцена на 01 јуни пред 75 гледачи
- Претстава **„Алиса во земјата на танцот"**, Dancers united, инклузивна танцова претстава, одиграна на голема сцена со две изведби на 10 јуни, пред 518 гледачи
- Претстава **„Созвездија"**, **НУЦК „Трајко Прокопиев", театар Куманово,** автор **Ник Пејн**, режија **Нела Витошевиќ**. Претставата е одиграна на мала сцена во формат со публика на сцена на 8 ноември 2023 година пред 29 гледачи

7. **Преземен проект поддржан од Министерство за култура, во рамки на Годишна програма за драмска дејност (независна продукција)**

- Театарската претстава **„Емигранти“** автор **Славомир Мрожек**, во режија на **Зоја Бузалковска** е преземена од **Културно-социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО**, Скопје, со ЕМБС 7229798. Претставата се игра на мала сцена (капацитет од 75 гледачи) Одиграна е седумпати и истата ја гледале 443 гледачи.

8. **Проект поддржан од Министерство за култура, во рамки на Годишна програма за драмска дејност (независна продукција), што се реализира во Драмски театар Скопје со Договор за отстапување право на користење на простор**

- Театарска претставата **„За нас почнува живот“** автор **Ѓерѓ Шпиро**, во режија на **Дејан Пројковски, носител на проектот е актерот Нино Леви**. Премиерата на претставата била на 20.12.2022 година. Претставата има можност да се игра на мала и на голема сцена.
  На мала сцена (со капацитет од 75 места) е одиграна шестпати пред 424 гледачи
  На голема сцена (со капацитет од 333 места) е одиграна петпати пред 1403 гледачи

Изработила: Кристина Бетинска

в.д. Директор
Викторија Ранѓелова Петровска

Скопје, 25 март 2024 година

**Структура на остварени приходи и расходи по Годишна програма за 2023 година заклучно со 31.12.2023 година**

| Сметка 603 (буџет) | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | Назив | Приходи | Расходи |
| | НУ Драмски театар -Скопје | | |
| 1 | **Плата** | **63.200.407** | **63.200.407** |
| | | | |
| 2 | **Парно греење** | **3.040.645** | **3.040.645** |
| | | | |
| | **Драмска дејност, проекти и материјални** | **6.310.901** | **6.310.901** |
| 3 | Електрична енергија, вода и ѓубретарина | 1.519.442 | 1.519.442 |
| 4 | Материјални трошоци | 100.000 | 100.000 |
| 5 | Кафез кај кокони | 800.000 | 800.000 |
| 6 | Фирма | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 7 | Пикник на фронтот | 700.000 | 700.000 |
| 8 | Падот на Масада | 800.000 | 800.000 |
| 9 | Фестивал Рута | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 10 | Надомест на вработени за пензионирање и др.надомести | 391.459 | 391.459 |
| | | | |
| | **Меѓународна дејност** | **1.350.000** | **1.350.000** |
| 11 | Рута –г.остување во Белград, Љубљана,Подгорица,Бриони и Сараево<br><br>-Љубљана.........................485.057<br>-Подгорица........................256.893<br>-Сараево...........................191.870<br>-Бриони.............................402.090<br>-Белград .......................... .14.090<br>(остатокот е надоместен од Влада на РМ) | **1.350.000** | **1.350.000** |
| | | | |
| | **Издавачка дејност** | **385.000** | **385.000** |
| 12 | Театарски гласник<br>(140.000 исплатени, остануваат 4.675 ) | 140.000 | 140.000 |
| 13 | Монографија<br>(245.000 исплатени остануваат 45.113) | 245.000 | 245.000 |
| | | | |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Минати години** | **115.732** | **115.732** |
| 14 | Театарски гласник | 65.732 | 65.732 |
| 15 | Рута Скопје | 50.000 | 50.000 |
| | | | |
| 16 | Регрес за годишен одмот | **855.547** | **855.547** |
| | **Вкупно** | **75.258.232** | **75.258.232** |

Подготвил
Соња Арсовска Иванова
Раководител на одделение за материјално
и финансово работење

В.Д.Директор
Викторија Рангелова-Петровска

**Структура на остварени приходи и расходи до 31.12.2023 година**

| сметка 631 (Закупнини) | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | Назив | Приходи | Расходи |
| | НУ Драмски театар -Скопје | | |
| | **Приходи** | | |
| 1 | Закупнина | 261.858 | |
| 2 | Приход од комунални услуги | 277.589 | |
| 3 | Пренесени средства од претходна година | 773.735 | |
| | **Вкупно** | **1.313.182** | |
| | **Расходи** | | |
| 1 | Комунални услуги, комуник. и транспорт | | 99.034 |
| 2 | Материјали и ситен инвентар | | 43.488 |
| 3 | Поправки и тековно одржување | | 72.860 |
| 4 | Други договорни услуги | | 86.022 |
| 5 | Други расходи<br>- Ком.услуги, комуник. и транспорт..135.671<br>- Материјали и ситен инвентар........168.854<br>- Поправки и тековно одржување..... 10.528<br>- Други договорни услуги.................. 43.542<br>-Рута Скопје.....................................376.562<br>Вкупно..............................................735.157 | | 735.157 |
| | **Вкупно** | | **1.036.561** |

Подготвил
Соња Арсовска Иванова
Раководител на одделение за материјално
и финансово работење

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMES
*Скопје-Shkup*

В.Д.Директор
Викторија Рангелова-Петровска

## Структура на остварени приходи и расходи до 31.12.2023 година

| Сметка 787 (самофинансирачки активности) | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | Назив | Приходи | Расходи |
| | НУ Драмски театар-Скопје | | |
| | **Приходи** | | |
| 1 | Приход од билети | 3.317.275 | |
| 2 | Приход од гостување на странски фестивали | 415.939 | |
| 3 | Приход од изнајмување на сцена | 150.000 | |
| 4 | Пренесени средства од претходна година | 1.732.241 | |
| 5 | Останати неданочни приходи | 414.632 | |
| 6 | Приход од Влада за Рута Белград | 214.000 | |
| | | | |
| | ***Вкупно*** | **6.244.087** | |
| | **Расходи** | | |
| 1 | Канцелариски и други материјали (423)<br>-канцелариски материјали...........18.100<br>-списанија и др.изданија.............12.791<br>-униформи..................................... 4.366<br>-сит.инвентар................................ 1.090 | | 36.347 |
| 2 | -Други трансфери (464)………….1.990.317<br><br>*патување во земјата ................... 360<br>*комунални услуги, комуникација, транспорт.........................................114.928<br>*материјали и ситен инвентар.........213.621<br>*поправки и тековно одржување.......40.329<br>*договорни услуги.........................1.046.205<br>*други тековни расходи....................189.427<br>*купување на друга опрема.............385.447 | | 1.990.317 |
| 3 | Тековен репертоар (464)<br>-исплата на трошоци за реквизита ...110.183<br>-исплата “За нас почнува живот”.......239.936<br>-Исплата на др.корисници на сцена..121.780 | | 471.899 |
| 4 | Договор на дело (464)<br>Исплатени правник, организатори на претстави, распоредители на публика, ангажирано лице за јавни набавки | | 943.802 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Гостување на ДТС (464)<br>-Рута Љубљана, потоа се надоместени од буџет.........................................263.187<br>-Рута Белград, средства од Влада на РМакедонија ...........................199.695<br>-Рута Бриони..............................51.003<br>-Рута Сараево........................... 14.960<br>-Приштина гостување со "Диши".....24.279<br>-Тетово гостување со Вернисаж.... 160 | | 553.284 |
| 6 | Авторски од одиграна претстава(464) | | 487.548 |
| 7 | Кафез кај кокони(464) | | 120.772 |
| 8 | Фирма(464) | | 73.011 |
| 9 | Пикник на фронто(464) | | 3.192 |
| 10 | Набавка на друга опрема (480) | | 9.520 |
| | **Вкупно** | | **4.689.692** |

Подготвил
Соња Арсовска Иванова
Раководител на одделение за материјално
и финансово работење

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut Национална установа Драмски театар Institucioni Nacional Teatri Dramës Скопје-Shkup

В.Д.Директор
Викторија Рангелова -Петровска

**Извештај за реализацијата на Годишната програма за работа на НУ Драмски театар за 2023 година од областа на драмска дејност**

Наративен приказ за реализација на програмата

Француската фарса " Кафез кај кокони " ја има својата праизведба во февруари 1973 година во Париз. Мајсторски конструирана од познатиот актер и комичар Жан Пуаре како комедија на ситуации, забуни и карактери, ја освојува публиката на прв поглед.

Премиерата на претставата „ Кафез кај кокони " беше изведена на 13.05.2023 година во полна сала и самата претстава беше доживеана како вистинско освежување на театарската сцена.

Улоги: Филип Трајковиќ, Александар Степанулески, Стефан Вујисиќ, Предраг Павловски, Димитрија Доксевски, Маја вељковиќ Пановска, Дамјан цветановски, Соња Стамболџиоска, Златко Митрески, Нела Павловска, Емилија Мицевска, Бранко Атанасов

| | |
|---|---|
| **Наслов на одобрен проект** | "Кафез кај кокони " од Жан Пуаре режија Димче Николовски |
| **Место и датум на реализација на проектот** | Скопје, 13.05.2023 година |
| **Извори на финансирање** | |
| Министерство за култура | 800.000,00 |
| локална самоуправа | |
| сопствено учество | 120.772,00 |
| спонзорства | |
| донации | |
| друго | |
| **Вкупно** | 920.772,00 |
| | |
| **Структура на расходи** | |
| Авторски и други надоместоци за уметничката екипа во проектот | 402.927,00 |
| Опрема за проектот | 443.608,00 |
| Други трошоци | 74.237,00 |
| **Вкупно** | 920.772,00 |

Изработил
Соња Арсовска Иванова

НУ Драмски театар
В.Д Директор
Викторија Рангелова-Петровска

Забелешка: Во прилог доставуваме копии од фактура Артглас и извод, бидејќи се добиени откако ви е доставен Образецот за наративен и финансиски извештај за "Кафез кај кокони ".

**Извештај за реализацијата на Годишната програма за работа на НУ Драмски театар за 2023 година од областа на драмска дејност**

Наративен приказ за реализација на програмата

Премиерата на претставата „ Фирма" се одигра на 03.10.2023 година, на денот на отварањето на Фестивалот Рута и наиде на мошне позитивни реакции од страна на публиката. Претставата се одигра пред публика од 90 лица, односно публиката беше на сцена заедно со актерската екипа.

Режија: Нела Витошевиќ

Драматургија: Викторија Рангелова - Петровска

Сценографија: Константин Трпеноски, mvv.design

Костимографија: Розе Трајчевска - Ристоска

Избор на музика: Нела Витошевиќ

Улоги: Ирена Ристиќ, Ивана Павлаковиќ, Сања Арсовска, Филип Трајковиќ, Игор Ангелов, Стефан Вујисиќ .

| | |
|---|---|
| **Наслов на одобрен проект** | " Фирма " од Роланд Шимелфенинг во режија на Нела Витошевиќ |
| **Место и датум на реализација на проектот** | Скопје, 03.10.2023 година |
| **Извори на финансирање** | |
| Министерство за култура | 1.000.000,00 |
| локална самоуправа | |
| сопствено учество | 73.011,00 |
| спонзорства | |
| донации | |
| друго | |
| **Вкупно** | 1.073.011,00 |
| | |
| **Структура на расходи** | |
| Авторски и други надоместоци за уметничката екипа во проектот | 807.628,00 |
| Опрема за проектот | 260.141,00 |
| Други трошоци | 5.242,00 |
| **Вкупно** | 1.073.011,00 |

Изработил
Соња Арсовска Иванова

НУ Драмски театар

В.Д Директор
Викторија Рангелова-Петровска

**Извештај за реализацијата на Годишната програма за работа на НУ Драмски театар за 2023 година од областа на драмска дејност**

Наративен приказ за реализација на програмата

| |
|---|
| Премиерата на претставата „ Пикник на фронтот" се одигра на 28.11.2023 година, пред публика од 221 лице<br><br>Автор: Фернандо Арабал<br>Режија: Андреј Цветановски<br>Улоги: Биљана Драгиќевиќ - Пројковска, Филип Трајковиќ, Дамјан Цветановски, Стефан Вујисиќ, Соња Стамболџиоска<br>Сценографија: Сергеј Светозарев<br>Костимографија: Раде Василев<br>Композитор: Димитар Андоновски |

| | |
|---|---|
| **Наслов на одобрен проект** | " Пикник на фронтот " од Фернандо Арабал во режија на Андреј Цветановски |
| **Место и датум на реализација на проектот** | Скопје, 28.11.2023 година |
| **Извори на финансирање** | |
| Министерство за култура | 700.000,00 |
| локална самоуправа | |
| сопствено учество | 3.192,00 |
| спонзорства | |
| донации | |
| друго | |
| **Вкупно** | 703.192,00 |
| | |
| **Структура на расходи** | |
| Авторски и други надоместоци за уметничката екипа во проектот | 444.650,00 |
| Опрема за проектот | 218.154,00 |
| Други трошоци | 40.388,00 |
| **Вкупно** | 703.192,00 |

Изработил
Соња Арсовска Иванова

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Национална установа - Institucioni Nacional, Драмски театар - Teatri i Dramës, Скопје - Shkup

НУ Драмски театар

В.Д Директор
Викторија Рангелова-Петровска

**Извештај за реализацијата на Годишната програма за работа на**
**НУ Драмски театар**
**за 2023 година од областа на драмска дејност**

Наративен приказ за реализација на програмата

Премиерата на претставата „ Падот на Масада '' се одигра на 28.12.2023 година, пред публика од 95 гледачи.

Во претставата играат Јелена Жугиќ, Александар Степануле, Рубенс Муратовски, Филип Трајковиќ и Емилија Мицевска. Автор е Венко Андоновски, а сценографијата и костимографијата е на Валентин Светозарев. Компонирање на музиката е на Горан Трајковски.

| | |
|---|---|
| **Наслов на одобрен проект** | " Падот на Масада " од Венко Андоновски режија Дејан Пројковски |
| **Место и датум на реализација на проектот** | Скопје, 28.12.2023 година |
| **Извори на финансирање** | |
| Министерство за култура | 900.000,00 |
| локална самоуправа | |
| сопствено учество | 616,00 |
| спонзорства | |
| донации | |
| друго | |
| **Вкупно** | 900.616,00 |
| | |
| **Структура на расходи** | |
| Авторски и други надоместоци за уметничката екипа во проектот | 544.000,00 |
| Опрема за проектот | 270.453,00 |
| Други трошоци | 86.163,00 |
| **Вкупно** | 900.616,00 |

Изработил
Соња Арсовска Иванова

НУ Драмски театар

В.Д Директор
Викторија Рангелова-Петровска

Забелешка: